Бр./Nr 12-929/4
30-10-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-929/1 од 26.02.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконски избор во наставно-научно звање /// на /// на Универзитетот /// - ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување.

Во врска со предметните наводи ДКСК веќе има постапено по предмет број 12-1465/1 од 02.03.2020 година, по кој има донесено Одлука број 12-190/5 од 02.02.2024 година, а за предметниот случај веќе имаат постапено други надлежни органи – Државниот просветен инспекторат, Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и Основниот кривичен суд Скопје.

Предметот со број 12-929/1 од 26.02.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 26.02.2025 година, е поднесена пријава за наводен незаконски избор во наставно-научно звање /// на /// на Универзитетот /// – ///, по која е оформен предмет број 12-929/1 од 26.02.2025 година.
Во пријавата се изнесени сомнежи за повреда на одредби од Законот за високото образование во постапката за избор во наставно-научно звање /// на ///,

спроведена по Конкурс за избор на лица во наставно-научни, наставно-стручни и наставни звања на Универзитетот /// – ///, објавен на /// година.

Заради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Државниот просветен инспекторат.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

Во однос на наводите за незаконски избор во наставно-научно звање /// на ///, Државниот просветен инспекторат извршил вонреден инспекциски надзор над субјектот Универзитет /// – ///, при кој бил составен Записник од извршен вонреден инспекциски надзор број /// од /// година. При вонредниот инспекциски надзор било констатирано дека Државниот просветен инспекторат во врска со предметните наводи веќе постапувал, при што во Записник /// од /// година биле утврдени неправилности, поради што Инспекторатот издал Решение со опомена /// од /// година. По извршен контролен инспекциски надзор по Решението со опомена бр./// од /// година, Инспекторатот издал Решение со наредба /// од /// година. По извршен втор контролен инспекциски надзор по Решението со опомена, бил составен Записник /// од /// година, по што Инспекторатот издал Предлог за постапка за порамнување и посредување /// од /// година. По спроведената инспекциска постапка, субјектот на надзор постапил по изречената инспекциска мерка. Имено, од страна на Универзитетот /// – /// била донесена Одлука за поништување на изборот во наставно-научно звање /// на ///. Универзитетот до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка доставил Жалба по Решението со опомена /// од /// година и по Решението со наредба /// од /// година на Државниот просветен инспекторат. Постапувајќи по поднесената жалба, Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка го поништила решението на Државниот просветен инспекторат.

Во прекршочната постапка поведена од Државниот просветен инспектор од Основниот кривичен суд Скопје била донесена Пресуда /// со која обвинетите правно лице и одговорното лице во правното лице се ослободуваат од одговорност.

По донесување на решението од Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и пресудата од Основниот кривичен суд Скопје, Универзитетот /// – /// ја повторил постапката за избор и донел Одлука /// од /// година за избор во наставно-научно звање ///.

Во текот на постапувањето по предметот ДКСК утврди дека резултатот од постапувањето на Државниот просветен инспекторат го има констатирано и во рамки на предмет со број 12-1465/1 од 02.03.2020 година по кој има донесено Одлука бр.12-190/5 од 02.02.2024 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување - во врска со предметните наводи ДКСК веќе има постапено по предмет број 12-1465/1 од 02.03.2020 година, по кој има донесено Одлука број 12-190/5 од 02.02.2024 година, а воедно, во врска со околностите на предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи – Државниот просветен инспекторат, Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и Основниот кривичен суд Скопје.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик-претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК